Стрип 5 – Мај – Отпад од храна

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International

A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




БЉАК! ЈАБОЛКОВО ИМА ЧУДНА ФОРМА
ЌЕ ГО ФРЛАМ ВО КАНТА
НЕ, ЧЕКАЈ! НЕ ГО ФРЛАЈ!
ЗОШТО?
САМО ИЗГЛЕДА МАЛКУ ЧУДНО, НО Е СОСЕМА ДОБРО ЗА ЈАДЕЊЕ. АКО ГО ФРЛИШ, САМО ЌЕ ГО ЗГОЛЕМИШ ОТПАДОТ ОД ХРАНА
ШТО Е ТОА ОТПАД ОД ХРАНА?
ОТПАД ОД ХРАНА Е ЦЕЛАТА ХРАНА ШТО СЕ ФРЛА НАМЕСТО ДА СЕ ИЗЕДЕ
ДАЛИ ЗНАЕШ ДЕКА ЕДНА ТРЕТИНА ОД ХРАНАТА ВО СВЕТОТ ЗАВРШУВА НА ДЕПОНИЈА?
ДАЛИ Е ТОА ШТЕТНО ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?
ДА! ЗА ДА СЕ ПРОИЗВЕДЕ ХРАНА СЕ ТРОШАТ ЕНЕРГИЈА, ВОДА И ВРЕМЕ. ЗНАЧИ СЕТО ТОА СЕ ПОТРОШИЛО ЗАЛУДНО АКО ХРАНАТА НЕ СЕ ИЗЕДЕ
ПЛУС, ХРАНАТА НА ДЕПОНИИТЕ СОЗДАВА ГАС КОЈ Е ШТЕТЕН ЗА ВОЗДУХОТ
ТОА Е ЛОШО! КАКО НАСТАНУВА ОТПАДОТ ОД ХРАНА?


ХРАНАТА МОЖЕ ДА СЕ РАСИПЕ УШТЕ КОГА СЕ ПРОИЗВЕДУВА ИЛИ ОДГЛЕДУВА, КОГА СЕ ТРАНСПОРТИРА ДО ПРОДАВНИЦИТЕ ИЛИ ДОДЕКА Е ВО ПРОДАВНИЦИТЕ
НО, НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ОД ОТПАДОТ ОД ХРАНА НАСТАНУВА ВО ДОМОТ!
НА ПРИМЕР, АКО ГО ФРЛАМ ОВА ЧУДНО ЈАБОЛКО?
БАШ ТАКА! ЛУЃЕТО ФРЛААТ ХРАНА САМО ЗАТОА ШТО ИЗГЛЕДА ЧУДНО
ПОНЕКОГАШ КУПУВАМЕ ПРЕМНОГУ ХРАНА И НЕ МОЖЕМЕ ДА ЈА ИЗЕДЕМЕ ПРЕД ДА СЕ РАСИПЕ
КАКО ДА ГО НАМАЛАМ ОТПАДОТ ОД ХРАНА?
РАЗГЛЕДАЈ ШТО ИМАШ ВО КУЈНАТА И ВО ФРИЖИДЕРОТ, И ХРАНАТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ КОРИСТИ ПРВО, СТАВИ ЈА НАПРЕД
И НЕ ФРЛАЈ ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК САМО ЗАТОА ШТО ИЗГЛЕДААТ ЧУДНО. ЗГОТВИ ВКУСНО ЈАДЕЊЕ ВО КОЕ ЌЕ ГИ УПОТРЕБИШ
ЕЈ, ТОА Е СУПЕР ИДЕЈА!
РЕЦЕПТИ
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Како целото семејство да научи нешто повеќе за отпадот од храна преку неколку едноставни чекори?

- **Креирајте свесност:** Зборувајте со децата за проблемите кои настануваат заради отпадот од храна. Објаснете им за сите ресурси кои залудно се потрошиле доколку храната се фрли во канта и опишете им зошто е штетно кога храната завршува на депонија.
- **Бидете пример:** Покажете им на децата каква храна завршила во канта во вашиот дом. Објаснете им зошто оваа храна е фрлена во ѓубре.
- **Дискутирајте:** Објаснете им ја на децата разликата помеѓу значењето на „Да се употреби најдоцна до (use by)“ и „Најдобро до (best before)“ кои се однесуваат на рокот на траење на храната. Децата треба да знаат дека некоја храна се расипува односно добива лош мирис или мувла што значи дека веќе не смее да се јаде.
- **Создадете услови**: Дозволете им на децата да направат проверка на полиците и фрижидерот во вашата кујна. Помогнете им да напишат список од сите продукти и да ги распоредат според рокот на траење.

Вклучете го целото семејство во намалување на отпадот од храна. Секој член на семејството нека најде вкусни рецепти, кои содржат некои од состојките во вашиот фрижидер или кујна, на кои наскоро им истекува рокот. Ќе биде забавно ако целото семејство се вклучи во готвењето.

# Забавна активност за најмладите

Најдете ги отпадоците од храна во вашата корпа за ѓубре. Во белото поле долу нацртајте пет отпадоци од храна кои ги видовте во корпата.



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.